

РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби

# ПРИРАЧНИК ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ - ОПШТ ДЕЛ

Скопје | Јули 2016 г.

**Наслов**:

ПРИРАЧНИК ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ – ОПШТ ДЕЛ

**Автори**:

1. Александра Пешевска Митановска, професор по математика во ООУ „Љубен Лапе“ - Скопје

2. Јованка Симоновска, професор по одделенска настава во ООУ „Владо Тасевски“ - Скопје

3. Викица Манолевска, професор по одделенска настава во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ - Радовиш

**Лектура:** Гордана Ацеска

**Дизајн:** ЗГ Опен Нетворк, Скопје
Тодор Трајковски

Изработката на прирачникот е овозможена со финансиска поддршка од Канцеларијата на Уницеф, Скопје, а во рамките на проектот *„Expanding opportunities for social inclusion and enhance the quality of life of children with disabilities by empowering their parents and familie “.*

Ставовите изнесени во овој прирачник се на авторот и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.

# Вовед

*Се чини неизбежно да ја имате можноста и задоволството да работите со ученици со посебни потреби во вашата училница. Тоа, пак, ќе ве наведе да направите определени измени (материјал или процес на поддршка што ќе му овозможи на ученикот поефикасно да ги извршува задачите) и модификации (промена или намалување на очекуваните исходи) во вашите планирања. Да им се излезе во пресрет на потребите на учениците со посебни потреби ќе биде еден од најголемите предизвици со кои ќе се сретнете во вашата професија.*

*Оваа книшка е наменета за сите наставници. Нема наставник што не се соочил со ученик што има помали или поголеми тешкотии во учењето. Некогаш стручноста и искуството на наставникот се доволни за да бидат надминати тие, но некогаш наставникот се чувствува немоќен пред предизвикот што може да застане пред него. Е токму за овие предизвици ќе се обидеме да дадеме предлог, идеја или совет. Советите и идеите што ќе ги прочитате тука се применливи за сите ученици кога е потребно. Но не очекувајте дека понуденото во оваа книшка ќе биде рецепт за решавање на предизвикот. Решавањето на состојбата секогаш исклучиво ќе потекнува и ќе зависи од вас, нас – наставниците!*

*Не само што овие ученици ќе бараат повеќе од вашето време и трпение туку, исто така, ќе им бидат потребни специјализирани наставни стратегии во структурирана средина што ќе го поддржува и ќе го подобрува нивниот потенцијал за учење. Тука немаме намера да даваме дијагнози или да етикетираме, но за да се разбереме, ќе мора да користиме термини со кои повеќе или помалку ќе се согласите. Важно е да се запамети дека овие ученици не се неспособни и тие можат да*

*научат, сите ученици можат да учат и да научат. За нив е само потребно да се применува диференцирана настава прилагодена кон нивните карактеристични способности за учење.*

*Не заборавајте дека вие не сте сами во образовниот процес на учениците со посебни потреби. Со вас е инклузивниот тим во училиштето. Во тимот се вклучени дефектолог, педагог, психолог, други наставници, дијагностичари, родители, социјални работници и претставници од локалната заедница. Работејќи во соработка и размена на идеи, ќе направите индивидуален образовен план и ќе следите како ученикот напредува според него.*



# Што прво да се научи?

*Кога работат со ученици со посебни потреби, наставниците може да постигнат многу ако обезбедат проактивна средина за учење за да спречат проблеми во однесувањето и да промовираат учење. Сепак, и покрај обезбедувањето на овие услови, овие ученици повторно може да доживеат проблеми поврзани со однесувањето (нивно или на другите ученици) или учењето, бидејќи тие ги немаат клучните вештини (на пример, способноста за комуницирање со другите ученици на социјално соодветни начини). Затоа, учениците со посебни потреби треба да бидат најнапред обучени за некои основни вештини потребни за функционирање во училиште и тие да бидат централна компонента во нивната наставна програма.*



# Користете визуелни знаци за ориентирање на учениците во училница

***Учениците со посебни потреби може да бидат многу независни во физичкиот простор на училницата ако се водат според поставени впечатливи визуелни знаци. Можете, на пример да:***

Користете означени граници, како, на пример, пречки (полици за книги или друг мебел), килими и обоени ленти на подот за да се определат границите меѓу деловите од училницата што се користат за различни функции.
Обележаните граници ќе овозможат овие ученици полесно да се ориентираат и да знаат кога тие се во простор што е посветен на игра, кога се во простор резервиран за учење итн.



Најчесто нашите училници се многу мали за да се направи ваква реорганизација на просторот, но целта ќе биде постигната и ако се поставаат силни визуелни табли на кои ќе се обележи дека просторот се користи за одредена цел, во одредено време. На пример, може да се покаже фотографија на деца што јадат, заедно со зборовите „време за ручек“, и тој знак поставен на определено место да значи дека учениците треба да се постројат за одење в кујна.

Сместете ги работните материјали (на пример, училишен прибор, игри) на достапни полици или во проѕирни садови за складирање. Залепете етикети за овие материјали (со користење слики поврзани со зборови). Учениците се обучуваат на процедури за користење и пристап до материјалите (на пример, прво да подигне рака, потоа да побара дозвола од наставник, а потоа да отиде до полицата со материјали за да се земе молив.)

# Објавете јасен и предвидлив (рутински) дневен распоред.

***Сите ученици имаат потреба од добро структуриран и предвидлив (рутински) училиштен ден. Учениците со посебни образовни потреби, сепак, може понекогаш да реагираат поизразено од другите врсници кога се соочуваат со неочекувани промени во нивниот секојдневен распоред. Кога го планирате дневниот распоред на активности, бидете сигурни дека ќе одговара на нивото на вештини на детето***:

За ученик што не може да чита и не ги признава сликите како претстави на реалните предмети и настани, „распоредот“ ќе се состои од предмети што ќе ги претставуваат планираните точки од распоредот. Така, кутијата за ужинка може да претставува време за ручек, додека една одбрана книга може да го претставува времето кога наставникот ќе чита приказна пред целата паралелка.



За ученик што не знае да чита, но препознава слики, распоредот може да содржи слика што ќе го претставува секој закажан настан. На пример, фотографијата од училишниот дефектолог може да го претставува времето кога тој ќе го посети часот и ќе работи со ученикот.

За ученици што се почетници во читањето, распоредот може да се состои од слики поддржани со зборови што ги опишуваат настаните на денот.

За ученикот што успешно чита може да се користи распоред во писмена форма, со зборови избрани на нивото на читање на детето.

Распоредот на активности на денот е важен за сите деца во училницата. Наставниците можат да направат индивидуализирани планови за децата што добиваат дополнителни (или алтернативни) услуги и поддршка. Но запомнете дека распоредот – планот на активности има вредност само ако се употребува доследно!

Учениците би требало да го прегледаат редоследот на активности на почетокот на училишниот ден. По секоја завршена активност, учениците треба да означат дека активноста е завршена (на пример, со отстранување слика на активноста од таблата на која е објавен распоредот на активности). Кога некоја од активностите во распоредот на ученикот неочекувано треба да се откаже, наставникот и детето ќе седнат заедно да го разгледаат распоредот и да направат измена на планот за тој ден.

## Градење мотивација кај учениците

*Мотивацијата е „моторот“ што го води ангажирањето и учењето на ученикот. Обидете се со следните идеи да ги мотивирате вашите ученици со посебни потреби:*

Поверојатно е дека учениците ќе внесат поинтензивен и поодржлив напор во предизвикувачки задачи ако знаат дека на крајот ќе можат да учествуваат во забавна или интересна активност. (Оваа техника е позната како Премак принцип.)



Образовните активности нека се разликуваат според темпото и според времетраењето.



Дозволете ученикот да направи избор со што ќе му се даде автономија и контрола во училницата. На пример, ако учениците имаат задача да читаат книга, можете да ги охрабрите тие да изберат книга за читање, да одлучат на која задача ќе работат прво, да изберат место во училницата каде ќе учат, или да изберат врсник што ќе им помогне во учењето. Обидете се да градите избори во училишните активности секогаш кога е можно.

Користете вербална инструкција, таканаречена „преткорекција“ пред да се ангажира ученикот во задача, а со цел да се промовира успех. Формирајте ја инструкцијата, така што ќе искажува што вие би сакале да направи ученикот (на пример, „Виктор, те молам земи тетратка по математика и наострен молив и придружи се кон нашата математичка група на последната клупа“), а не она што би сакале учениците да престанат да го прават. Изберете речник и граматика соодветни на развојното ниво на детето. Обидете се да не се расплинувате!

# Направете дадените упатства и очекуваните исходи од учењето да бидат јасно разбрани

Давајте насоки на јазик што ќе може ученикот да го разбере. Користете визуелни знаци (практични демонстрации и модели, објекти, слики) колку што е потребно, за да му помогнете на ученикот подобро да ги сфати дадените насоки. Водете го ученикот преку прашања низ неговата изведба.

Најнапред треба да проверите дали го имате вниманието на ученикот пред да ги дадете насоките. (ЗАБЕЛЕШКА: Децата со посебни

образовни потреби не можат секогаш да направат или да одржат контакт со очите, дури и кога ви обрнуваат внимание. Затоа, за потврда, барајте други знаци што укажуваат дека го имате нивното внимание – на пример, држење на телото во подготвеност, ориентација кон вас, запирање на други активности, вербализации.).

Исто така, вклучете основни информации во вашите насоки што за ученикот ќе одговорат на овие четири прашања:

Колку работа е потребно за да се изврши оваа задача? → Што точно треба да направам? → Кога треба да се изврши работата? → Која е мојата награда за извршување на работата?

# Обезбедете структурирани можности за да учествуваат учениците во социјални интеракции

*Учениците со посебни образовни потреби понекогаш се исклучени од социјалните интеракции со нивните типични врсници. Иако постојат голем број причини зошто овие ученици не можат да бидат целосно вклучени во социјалните групи, може да преземете чекори за зајакнување на односите меѓу учениците со посебни образовни потреби и типичните ученици:*

Доделувајте му на ученикот помошни улоги, како, на пример, делење на ужинката; делење материјали за работа на другите ученици и слично. Вежбајте го ученикот да користи соодветен социјален говор со врсниците (на пример, „Дали ви се допаѓа ужината?“). Колку почесто другите ученици ќе доживуваат неутрални или позитивни интеракции со ваквите ученици, толку повеќе тие ќе се чувствуваат удобно во нивна близина и ќе изградат попозитивни перцепции кон нив.

Научете го ученикот со посебни образовни потреби на едноставни стратегии за да се вклучи во социјалните интеракции со другите ученици. Демонстрирајте ги и моделирајте ги овие стратегии. Обезбедете му можност на ученикот да ги проба и дајте му повратни информации и охрабрување. На пример, научете го ученикот да ги праша врсниците „Што е тоа?“ секогаш кога гледа нешто непознато во непосредната околина. Или покажете му на ученикот како да ѝ пријде на групата врсници и да ги замоли да се приклучат во играта или во друга активност (на пример, „Може ли да ви се придружам во играта?“). Слична идеја ќе биде да се научат неговите врсници да имаат улога на „тренери за социјална интеракција“, кои можат да бидат модел за поддршка на ученикот со посебни образовни потреби како да започне социјална интеракција.



Ако ученикот е преокупиран и силно заинтересиран за одредена тема што е важна за зададената училишна работа, наставникот може да ја искористи можноста ученикот да го употреби како ресурс за другите ученици. На пример, ученик со аутизам, кој има енциклопедиско познавање на астрономијата и географијата може да има улога на жири или судија на квиз од таа тема.

Секогаш кога наставникот формира групи во училницата, може да му додели улога на „амбасадор на групата“ на еден од типичните ученици. Тој ја презема одговорноста да го поздрави секој нов член што се приклучува кон групата, гарантира дека сите членови ќе разберат како тие можат да учествуваат во активностите на групата и му дава дополнителна поддршка и насоки на секој ученик што има потреба. „Амбасадорот на групата“ треба да биде обучен да препознае кога некој ученик може да има потреба од помош и како да обезбеди помош или поддршка на



Ако на ученикот со посебни образовни потреби му е доделен возрасен асистент, тогаш тој може да ги научи врсниците како да му дадат академска поддршка на нивниот соученик, додека тој следи од заднина. Тој може и да организира пријавување на соучениците за врсничка поддршка врз ротирачка основа. Оваа стратегија ќе го поттикне ученикот со посебни образовни потреби да биде во интеракција со колку што е можно повеќе лица за интеракција во училницата.





Доделете му на ученикот врсничка поддршка и кога се движи низ училишната зграда, за играње надвор, присуство на собири и други настани надвор од училницата. Изберете различни соученици за да има можност да изгради пријателства и да не зависи премногу од еден ученик за поддршка.

# Направете план за да им помогнете на учениците да го применат наученото низ различни поставки и ситуации

*За учениците со изразени посебни образовни потреби најверојатно ќе треба да се испланира индивидуален образовен план во кој ќе утврдат точно кои се вештините на однесување во училница, други поставки или ситуации што ќе треба да ги совлада ученикот:*

Да се вежбаат само мал број клучни вештини на одредено време, така што ќе имате доволно време да работите на генерализирање на секоја совладана вештина. Откако ученикот ќе ја совлада вештината во еден амбиент, наведете други поставувања или ситуации во кои би сакале ученикот да ја покаже совладаната вештина. А потоа испланирајте како да му помогне на ученикот да ги применува совладаните вештини во овие нови ситуации. Ако ученикот, на пример, ја совладал задачата соодветно да ги поздравува присутните во вашата училница, тогаш може да го однесете ученикот во канцеларијата на директорот или надвор во заедницата, да го поттикнете да ги поздравува другите и да го пофалите или наградите за неговата успешна изведба.










Секогаш информирајте ги сите вклучени во образованието на ученикот (родител, педагог, психолог, дефектолог, други наставници, инклузивен тим) за вештините што ги совладал ученикот со посебни образовни потреби. Дајте им идеи за тоа како можат да го охрабрат ученикот да ги употребува стекнатите вештини во други ситуации и со други луѓе.

# Како да ги приспособите наставните стратегии кон потребите на ученикот

*Од наставниците често се бара да ги изменат плановите за наставата за да се приспособат кон посебните потреби на учениците. Всушност, сите ученици ќе имаат корист од примената на следниве добри наставни практики.*

## Доколку ученикот има тешкотии во учењето преку слушање, тогаш ...

### Пред часот:

Да ги научат потешките поими и концепти;



Објавете ја целта за да обезбедите причина за слушање;



Научете ги учениците на ментални активности што вклучуваат слушање – да прават ментална забелешка во мислите, да си се прашуваат во мислите, да се навраќаат на она што го слушаат, разгледување во мислите;

Обезбедете водичи за учење/работни листови;

Обезбедете сценарио за филмот што ќе се следи;

Обезбедете план за лекцијата.



## За време на часот:

Обезбедете визуализации на табла или проекции;



Користете флеш-картички (знаковни – симболички картички);



Побарајте од ученикот да ги затвори очите и да се обиде да ги визуализира информациите;



Кажете им на учениците да запишуваат употребувајќи маркери во боја за да се потенцираат важните делови;



Побарајте од учениците по вас да ги повторат дадените упатства;




Учете ги учениците да употребуваат акроними за да им помогне во визуализирањето листи;

Давајте објаснувања во кратки и јасни последователни чекори;

Покрај усните, обезбедете и писмени објаснувања и насоки;

При давањето насоки пред целото одделение, оставете пауза меѓу секој чекор за да може ученикот да го спроведе процесот во неговиот ум;

Скратете го времето потребно за слушање;



Зададете задачи во писмена форма и со употреба на манипулативи;

Бидете концизни кога давате вербални информации. „Јане, те молам да седнеш" наместо „Јане, ќе те замолам да седнеш на твојот стол".

# Доколку ученикот има тешкотии во вербалното изразување, тогаш ...






Прифатете алтернативна форма за размена на информации, како што се следниве:

- Писмен извештај
- Уметничка творба
- Изложба или поставка
- Шема, графика, или табела
- Фотоесеј
- Мапа
- Преглед на филмови
- Шарада или пантомима
- Демонстрација
- Снимен извештај





Поставувајте прашања што бараат кратки одговори;

Започнете ја реченица наместо ученикот или покажете слика како помош да почне;

Воспоставете правила на однесување за време на дискусиите на час (на пример, кревање рака);

Истакнете го ученикот секогаш кога ќе придонесе со усно изразување и самостојна подготовка;

Научете го ученикот да поставува прашања за време на часот;

Особено поучувајте ги за говорот на телото и поврзувајте го со јазичното изразување;

Дајте време за размислување кога ќе поставите прашање – не кревајте го првиот ученик што ќе крене рака;



Најнапред поставувајте прашања на ниво на информации – дајте информации и побарајте информации назад; одморете ги учениците постепено разговарајќи во мали групи, а потоа и во поголеми групи.

## Доколку ученикот има тешкотии при читањето пишани материјали, тогаш ...

- Најдете текст напишан на пониско ниво;
- Обезбедете на означен материјал (со подвлечени и потенцирани делови во боја);
- Преработете го текстот за ученикот;





- Снимете го текстот гласовно;
- Овозможете друго лице да го прочита текстот на глас (асистент, родител, друг наставник);
- Намалете ја потребната содржина за читање;

- Овозможете повеќе време за читање;
- Заменете ја содржината со резиме од една страница во кое се внесени клучните идеи и термини, како задача на читање;
- Мотивирајте го ученикот, заинтересирајте го;
- Подгответе прашања пред ученикот да прочита пасус (прашањата не вклучуваат и број на страница и број на пасус);
- Запишете ги главните идеи од текстот на индекс-картички што лесно можат да се организираат и да се подредат по поглавја;



- Побарајте од нив да го напишат текстот рачно или на компјутер за полесно да го читаат;
- Користете крупно напишан текст;





- Побарајте ја истата содржина во друг медиум (аудио или видеоснимка);
- Обезбедете алтернативни методи со кои учениците ќе можат да придонесат во работата во групата, како што се играње улоги или драматизирање (усното читање треба да биде по избор);

- ★ Бидете поконкретни, користејќи слики и манипулативи;
- ★ Намалете ја количината на нови идеи;
- ★ Повикајте се на претходно искуство пред и по читањето како рамка за новите концепти;
- ★ Објавете ги целите на часот и направете поврзување со претходни искуства;
- ★ Помогне им на учениците да го визуализираат она што го читаат.



# Доколку ученикот има тешкотии со читливо пишување, тогаш ...

- ★ Користете форма што ќе бара малку пишување:
  - ➢ Повеќекратен избор
  - ➢ Програмирани материјал
  - ➢ Точно / неточно
  - ➢ Поврзување



- ★ Користете манипулативи, како што плочки со букви или цели зборови;
- ★ Намалете ги или изоставете ги задачите што бараат препишување;
- ★ Поттикнувајте ги учениците заеднички да пишуваат белешки;
- ★ Дозволете употреба на машина за пишување или компјутер, како и гласовно снимање;

- Учете ги на директно пишување:
  - Да пишуваат букви или да ги длабат во глина
  - Опишете ги потезите за пишување на буквите (аудиоснимка)
  - Користете маркер за обележување на просторот меѓу зборовите
  - Залепете ја азбуката на клупата на ученикот
  - Обезбедете мал формат на картичка-потсетник со азбуката




- Користете милиметарска хартија за да им помогнете во правилното просторно редење на буквите и броевите;
- Користете работни листови со веќе напишан текст со точки што треба да ги поврзува ученикот.

# Доколку ученикот има тешкотии да се изрази во писмена форма, тогаш ...

Прифатете алтернативни форми на извештаи:

- Усни извештаи
- Снимени извештаи
- Снимка со интервју
- Колаж, цртеж, или други уметнички творби
- Мапи
- Диорами (модели), 3-Д материјали, изложбени експонати
- Фотографски есеј
- Панел-дискусија
- Презентации

Дозволете му на ученикот да му го диктира своето мислење на друг (постар ученик, помошник или пријател), а потоа да го препише текстот;

Дајте повеќе време;

Задавајте кратки писмени задачи (во вид на преглед или резиме)

Вежбајте пишување текст, така што на ученикот ќе му обезбедите:

- Примери за почеток на приказната
- Приказни без крај – од отворен тип
- Усни одговори

Покажете му пример како треба да изгледа напишаното за да може ученикот да ги организира деловите од задачата;



# Доколку ученикот има тешкотии во правописот, тогаш ...

Диктирајте му реченици, а потоа барајте да ги прочита (изговарајќи ги, може сам да ги открие грешките при пишувањето);

Избегнувајте традиционални тетратки за правопис;

Користете мнемонички алатки ( „А е првата буква", „СВАЌА не е гостинка на свадба");

Учете кратки и едноставни зборови во контекст:

- На ти го ...
- Право на ...
- На сметка на ...

Побарајте од учениците да ги запишуваат тешките зборови на сигнални картички (флеш-карти);

Дајте тест за правопис, во кој учениците ќе имаат можност со заокружување да го пронајдат точно напишаниот збор (од три-четири понудени збора);

Учете зборови што се пишуваат слично, како да постои шаблон (мие, шие, пие и сл.);




Избегнувајте казнување за правописни грешки;

Обесете напишани зборови што висат од таванот на училницата или закачете ги на табла за да можат учениците постојано визуелно да се потсетуваат на нив;



Обезбедете тактилна / кинестетичка помош за пишување (букви направени од шмиргла или кутија со сол во која ќе ги испишува буквите и ќе ги гледа трагите).

# Ученици со посебни потреби: тешкотии наспроти високи способности

## Ученици со тешкотии во учењето

Ученици со тешкотии во учењето се оние кај кои значително не се совпаѓаат образовните постигнувања со интелектуалните способности, во една или повеќе од областите: усно изразување; слушање со разбирање; писмено изразување; основни вештини за читање; читање со разбирање; математичко пресметување; математичко расудување или правопис.

Прочитајте го досието на ученикот за да ги идентификувате проблемите со кои се соочува тој. Разговарајте со стручната служба во училиштето за да можете да ги примените соодветните методи на учење со овој ученик. Обезбедете услови и инструкции за работа според потребите на ученикот.

Воспоставете позитивна комуникација со родителите на ученикот, секојдневна соработка и размена на информации за постигнувањето на ученикот.

| **Индикатори**<br>*Овие индикатори не се изолирани, најчесто се појавуваат во различен степен, а повеќето се заеднички и со други состојби.* | |
|---|---|
| 1. Слаба краткорочна и/или долгорочна аудитивна меморија. | 2. Ниско ниво на толеранција и високо ниво на фрустрација. |
| 3. Слаба или скудна самодоверба. | 4. Расеаност. |
| 5. Смета дека е тешко, ако не и невозможно, да се работи на задача за подолг временски период. | 6. Спонтаност во изразување; често не можат да ги контролираат емоциите. |
| 7. Лесно се збунуваат. | 8. Има некои тешкотии во работењето со другите во мали или големи групи. |
| 9. Има тешкотии во следење на комплицирани насоки или во памтењето насоки за подолг | 10. Има проблеми со координација на мали и големи |

| | |
|---|---|
| период на време. | мускулни групи. |
| 11. Има нефлексибилност на мислата; тешко е да се убедат поинаку. | 12. Има тешкотии со правописот. |
| 13. Има тешкотии со концептот време. | |

**Стратегии**

1. Предавајте усно за учениците што имаат тешкотии со читањето. Тековните тестови и материјали за читање задајте ги во усна форма, така недостигот на способноста за читање нема да влијае врз оценувањето на ученикот.
2. Правете чести проверки на напредокот. Дајте им до знаење колку добро напредуваат тие и како поединци и како дел од целото одделение.
3. Давајте им брза повратна информација затоа што имаат потреба брзо да ја увидат врската меѓу она што се изучува и она што е научено.
4. Активностите во кои учествуваат нека бидат концизни и кратки, секогаш кога е можно, за да се избегне чувството на фрустрација.
5. Тие имаат тешкотии и во учењето апстрактни поими и концепти. Секогаш кога е можно, обезбедете конкретни предмети и настани, предмети што можат да ги допрат, да ги слушнат, да ги мириснат итн.
6. Особено е важно да ги пофалувате. Наместо само велејќи: „Ти го направи ова добро“ или „Ми се допаѓа твојата работа“, не заборавајте да искажете конкретни пофални коментари што произлегуваат од активноста, на пример, „Јас сум особено задоволна од начинот на кој го организираше собирањето податоци за истражувањето.“
7. Кога е потребно, планирајте повторување на инструкциите или понудете информации во писмена и усна форма. Да повториме дека од огромно значење за овие ученици е да ги примаат на повеќе различни сензорни начини.
8. Поддржувајте кооперативно учење преку активности секогаш кога е можно. Учениците со различни способности да работат заедно на одреден проект или кон една заедничка цел. Создајте атмосфера во која ќе го олесните и ќе го зајакнете постоењето на вистинска „заедница на ученици“.

# Ученици што имаат повисоки способности

*Учениците со високи способности, често се нарекуваат и надарени ученици, исто така претставуваат уникатен предизвик за наставниците. Тие се оние што први ја завршуваат задачата или бараат поинтересна и покреативна работа. Имаат потреба од возбудливи активности и енергични проекти за време на наставата.*



**Карактеристики на надарените ученици**

| | |
|---|---|
| **1.** Високо ниво на љубопитност. | 2. Често даваат невообичаени одговори на вообичаени прашања. |
| 3. Добро развиена имагинација. | 4. Може да запомнат и да задржат голем дел од информациите. |
| 5. Нудат оригинални решенија за вообичаени проблеми, но, исто така, поставуваат оригинален проблеми. | 6. Способност да се концентрираат на проблемот или прашањето за подолг временски период. |
| 7. Способни се за разбирање на комплексни концепти. | 8. Добро се организирани. |
| **9.** Ги возбудува учењето нови факти и концепти. | 10. Често се независни ученици. |

**Стратегии**

1. Овозможете им на надарените ученици самоиницијативно да дизајнираат и да проследат проекти. Нека извршуваат задачи по сопствен избор.
2. Задавајте им мноштво отворени активности, активности за кои не постојат точни или погрешни одговори или однапред утврдени идеи.
3. Особено потенцирајте дивергентно размислување (истовремено во повеќе насоки) – што ќе им помогне на надарените ученици да се фокусираат на повеќе можни правци на размислување наместо на предодреден начин.
4. Овозможете да бидат вклучени во активно решавање проблеми. Осигурете се дека доделените проблеми не се оние за кои веќе имаат

воспоставено соодветни одговори или шеми на решавање, туку да се такви што ќе им овозможат да дојдат до сопствени заклучоци.

5. Поттикнувајте ги да заземат лидерска улога со што ќе зајакнат одредени делови на часот (Забелешка: Надарените ученици често се социјално незрели.)
6. Изнајдете многу можности за да прочитаат поопширно за теми што ги интересираат. Соработувајте со училишниот библиотекар и библиотека во близина на училиштето за да изберете и да обезбедите изнајмени книги во согласност со интересите на учениците.
7. Обезбедете голем број долгорочни и издолжени активности што ќе им овозможуваат на учениците да вклучат учење во текот на подолг временски период.

# Ученици со оштетен слух

*Оштетувањето на слухот може да варира од благо оштетен слух до комплетна глувост. Мала е веројатноста дека ќе имате глуви ученици во вашата училница, но сосема е можно дека ќе има еден или повеќе на кои ќе носат еден или два слушни апарата.*



**Стратегии**

1. Да обезбеди пишани или сликовни насоки.
2. Вие или некој друг ученик, физички одглумете ги (покажете ги) чекорите на активноста.
3. Седнете го ученикот со оштетен слух во предниот дел на училницата и на место од каде што ќе има добро видно поле и кон вас и кон таблата.
4. Многумина од учениците со оштетен слух се научени да читаат од **усните.**
5. Кога му се обраќате на одделението, не заборавајте да ги изговарате зборовите чисто и јасно (но не претерувајте со гримаси и тон) и гледајте директно во ученикот со оштетен слух или во тој правец.
6. Овозможете разновидност од мултисензорни искуства за ученикот што ќе ги искористи за да научи.
7. Можеби ќе треба да почекате за одговор подолго време од вообичаеното. Бидете трпеливи.
8. Секогаш кога е можно, користете многу конкретни предмети, како што се модели, дијаграми, реални предмети, мостри и слично. Обидете се она што го објаснувате да биде поддржано со користење манипулативи (предмети со кои манипулира во рака).

# Ученици со оштетен вид



Сите ученици гледаат со различно ниво на визуелна острина. Многу е веројатно во вашата училница да имате ученици чиј вид е сериозно попречен или ограничен. Овие ученици можеби ќе треба да носат специјални очила и имаат потреба од користење специјална опрема. Најверојатно во вашата училница нема да имате слеп ученик, но, секако, ќе треба да направите измени и приспособувања на планирањата за учениците со оштетен вид.

**Стратегии**

1. Снимајте делови од учебници, изнајмени книги или други печатени материјали, така што учениците ќе можат да ги слушаат (со слушалки).
2. При користење на таблата, користете бела креда и подебели линии.
3. Исто така, бидете сигурни дека ќе го кажете гласно она што го пишува на таблата.
4. Важно е учениците со оштетен вид да седат во близина на таблата или во близина на местото каде што се наоѓаат нагледните средства важни за тој час.
5. Давајте јасни усни инструкции.
6. Бидете свесни за изборот на зборови што бараат визуелна прецизност. На пример, фрази, како „таму" и „како оној" би биле несоодветни.
7. Планирајте работа во парови за овие ученици. Нека работат со други ученици што можат да им помогнат.

# Ученици со физичка попреченост

*Учениците со телесна попреченост се оние што имаат потреба од помошни помагала, како што се: инвалидска количка, патерици, водилки, протези или други физички средства за движење. Она што е од примарно значење е фактот дека овие ученици не се интелектуално различни од повеќе мобилни ученици во училницата.*



**Стратегии**

1. Бидете сигурни дека имаат соодветен пристап до сите делови на училницата. Просторот меѓу клупите секогаш да е расчистен и да се обезбеди доволно простор околу местото за демонстрација или покажување други нагледни средства, како и до други апарати за движење на телесно инвалидни ученици.
2. Поттикнете ги учениците да учествуваат во сите активности во најголема можна мера.
3. Организирајте ротирање на соученици „помагачи" за да им помогнат при движењето во училницата и училишниот простор. Учениците често уживаат во оваа одговорност и можност да помогнат кога е потребно.
4. Фокусирајте се на интелектуалната инвестиција во активноста. Тоа значи да му помогнете на ученикот да ги користи мисловните вештини и својата способност за решавање проблеми во завршувањето на една задача без оглед на неговата способност да дојде до местото каде што се наоѓаат манипулативите за работа.
5. Учениците со физичка попреченост, сосема природно, ќе бидат фрустрирани што не се во можност да го сторат сето она што можат да го постигнат другите ученици. Погрижете се да најдете време одвреме-навреме да разговарате со нив и да им помогнете отворено да ги искажат своите чувства и/или фрустрации. Помогнете му на ученикот да разбере дека тие чувства се природни, но, исто така, дека за нив треба да се дискутира повремено.

# Ученици што имаат емоционални проблеми

*Учениците со емоционални проблеми се оние што покажуваат неспособност да изградат или да одржат задоволителни меѓучовечки односи. Развиваат физички симптоми или стравови поврзани со лични или училишни проблеми, се чувствуваат несреќни под нормални околности, или покажуваат несоодветни видови однесување под нормални околности.*

*Од вас како наставници, секако, не се очекува да ги санирате сите емоционални тешкотии на учениците, но треба да разберете дека вие можете и вие имате позитивно влијание врз способноста на учениците да бараат решенија и да соработуваат со оние што се обидуваат да им помогнат.*



**Стратегии**

1. Секогаш кога е можно, дајте им на учениците чувство на одговорност. Задолжете го ученикот да биде одговорен за нешто (да го поврзува проекторот, да го чисти аквариумот во училницата, да ги наводнува или да ги пресадува растенијата). Притоа, не заборавајте да го истакнете вложениот напор на ученикот во завршувањето на доделената задача.
2. Овозможете им на учениците сами да си изберат некоја активност што би сакале да ја извршуваат самостојно. Потоа поканете ги да ги споделат своите наоди или откритија со остатокот од одделението.
3. Вклучете го ученикот во активности со другите ученици, особено со оние што можат да му послужат како добар пример. Важно е емоционално вознемирениот ученик да има можност да комуницира со другите ученици, а тие да можат да обезбедат соодветни насоки за однесувањето преку своето дејствување.
4. Често разговарајте за соодветното и очекуваното однесување во училница. Не очекувајте учениците до јуни да ги помнат сите правила во училницата што сте ги воспоставиле во септември.
5. Учениците со емоционални тешкотии ќе имаат огромна придобивка од високоструктурирана програма во која низата на активности и процедури е постојана и стабилна.
6. Учениците со емоционални тешкотии сместете ги подалеку од какво било одвлекување на вниманието (зборлести ученици, опрема, алатки, итн.).
7. Секогаш кога е можно, активностите нека бидат кратки и брзи. Веднаш давајте повратна информација, засилување и поддршка, како и доволно количество пофалби.

# Ученици со АДХД (Attention-Deficit/Hyperactivity Disorder) – недостиг на внимание и хиперактивност

Учениците со недостиг на внимание/хиперактивност (ADHD) често се тежок предизвик за многу наставници. Овие ученици, според истражувањата, опфаќаат околу 3-5 проценти од популацијата на училишна возраст. Значително повеќе се погодени момчиња од девојчиња, иако причините за оваа разлика сè уште не се јасни. Учениците со АДХД обично имаат тешкотии со внимание, хиперактивност, импулсивност, емоционална стабилност или комбинација на тие фактори.



| **Индикатори:**<br>Ученикот со АДХД најчесто: | |
|---|---|
| 1. Има тешкотии во следење на насоките. | 2. Има тешкотија да игра тивко. |
| 3. Претерано зборува. | 4. Прави мали повторливи движења (ја тресе ногата) и се грчи при седење. |
| 5. Брбори. | 6. Лесно му се одвлекува вниманието, расеан е. |
| 7. Често се впушта во опасна игра, без да размислува за последиците. | 8. Има тешкотија да чека да му дојде редот. |
| 9. Прекинува или се наметнува. | 10. Се чини дека не слуша. |
| 11. Има тешкотија да обрне внимание. | 12. Тешко му е да остане седнат. |
| 13. Честопати преминува од една активност на друга. | |

**Стратегии:**

1. Вашите упатства нека бидат кратки и јасни и нека се однесуваат на еден чекор од активноста.
2. Јасно истакнете ги вашите очекувања за однесувањето.
3. Внимателно следете ја работа, особено кога учениците преминуваат од една активност на друга.
4. Често одржувајте контакт со очите. Интересно е да знаете дека учениците од вториот ред се повеќе фокусирани отколку оние во прв ред.
5. Приспособете го времето за работа соодветно на распонот на вниманието. Правете чести паузи по потреба.
6. Обезбедете потивко место за работа, каде што учениците би можеле да отидат, за подобра концентрација.
7. Договорете се за таен сигнал со ученикот за да му дадете до знаење кога е надвор од извршувањето на задачата или не се однесува соодветно.
8. Користете физички контакт (рака на рамото на ученикот) за да му го фокусирате вниманието.
9. Комбинирајте истовремено задавање визуелни и аудитивни насоки и информации.
10. Олеснете го преместувањето преку давање знаци и предупредувања.
11. Покажете им техники за релаксација кога работат подолго или прават тест.
12. Потрудете се учениците да добијат барем една задача што можат да ја завршат успешно.
13. Ограничете ја количината на зададената домашна задача.
14. Секогаш кога е можно, поделете ја задачата на помали делови.

<table>
<tr><td colspan="2">Обидете се индивидуално да му се обратите на ученикот и што е можно повеќе работете еден на еден.</td></tr>
<tr><td>1. Помалку предавајте</td><td>2. Користете компјутер</td></tr>
<tr><td>3. Поставувајте задолженија со пониски барања за да не го фрустрирате ученикот со неможноста да ја заврши зададената задача</td><td>4. Креирајте ги лекциите, така што учениците ќе бидат физички активни (на пример: стани, заврти се, оди до таблата, помести го столчето и сл.).</td></tr>
<tr><td>5. Направете учениците на часот да ги користат рацете во разни движења и активности</td><td>6. Избегнувајте повторување на нештата, воведете повеќе можности за практична работа</td></tr>
<tr><td>7. Поставете му предизвик што може да го заврши</td><td>8. Сменете го начинот на оценување според стилот и способноста на учење на ученикот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Обезбедете поддршка за работа за да создадете работна дисциплина</td></tr>
<tr><td>1. Направете работа во пар или „другарче за учење“ со ученик што е за пример во одделението</td><td>2. Често имајте повратна информација од завршените задолженија</td></tr>
<tr><td>3. Структурирајте ги задачите</td><td>4. Следете ја индивидуалната независна работа на ученикот</td></tr>
<tr><td>5. Направете го распоредот на часови на тој начин што потешките часови ќе ги ставите во тоа време кога ученикот е најпродуктивен и расположен за работа</td><td>6. Обезбедете чести одмори на часовите и меѓу часовите</td></tr>
<tr><td>7. Употребувајте мерачи на времето (временска рамка) кога поставувате одредени задачи и задолженија</td><td>8. Обрнете внимание ако го менувате распоредот, однапред да биде информиран ученикот за промените</td></tr>
<tr><td>9. Обезбедете честа комуникација меѓу училиштето и домот</td><td>10. Правете дневен/неделен извештај за напредокот на ученикот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Обезбедете поддршка за промоција на извршената функција</td></tr>
<tr><td><u>Поддршка на планирањето:</u></td><td><u>Да се зголеми организацијата:</u></td></tr>
<tr><td>1. Учете ги учениците да користат</td><td>1. Обезбедете му доволно време</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| картички со задачи, дневни задолженија или планирања за часовите, организатори или рамки<br>2. Подучувајте ги како да ги развиваат своите вештини за учење, користете ги често и по сите предмети | да го организира својот ранец со училишните материјали<br>2. Обезбедете му доволно време за да ги забележи своите домашни задачи<br>3. Ученикот може да има своја папка каде што ќе ги организира материјалите дневно и неделно, каде што ќе може да ја проверува својата работа и ќе стекне рутина за организирање на работите |
| ***<u>За да се подобри ученикот, тоа може да го постигне преку:</u>*** | ***<u>За да се подобри самоконтролата:</u>*** |
| 1. Стекнување рутина за завршување на работата<br>2. Обезбедете можности за самокорекција<br>3. Прифатете подоцна завршена работа или задолжение<br>4. Делумно наградете го за делумно завршената работа | 1. Подгответе ги учениците за промени<br>2. Запишете ги правилата<br>3. Дајте  јасни инструкции за однесувањето во училиште<br>4. Јасно кажете ги последиците од непочитувањето на правилата и непримерното однесување<br>5. Одвојте време за да може да се смири ученикот од настанатата стресна ситуација<br>6. Дозволете му низ разни физички активности да го исфрли незадоволството од себе<br>7. Употребете некоја активност како награда<br>8. Обезбедете повеќе надзор |
| **Задржете го вниманието:** | |
| ***<u>Кога има проблем за да почне со работа:</u>*** | ***<u>Кога има проблем во текот на задачата или да ја заврши задачата:</u>*** |
| 1. Повторете ги насоките/ задолженијата<br>2. Зголемете ја структурата на задачата<br>3. Подвлечете ги или обојте ги деловите со насоки или важните делови од текстот<br>4. Учете ги учениците да ги подвлекуваат клучните зборови во текстот | 1. Разделете ги потешките задачи на неколку помали дела<br>2. Скратете ги предолгите задачи и барања<br>3. Дозволете му на ученикот да одбере која задача ќе ја заврши<br>4. Определете го времето за завршување на задачата<br>5. Често проверувајте го ученикот како работи и до каде е со |

| | |
|---|---|
| 5. Извлечете ги клучните зборови и информации од текстот<br>6. Давајте визуелни знаци<br>7. Направете сите заедно/истовремено да почнат со работа | завршување на задачата |
| ***<u>Кога ученикот не може да одговори на барањата на наставникот:</u>*** | |
| 1. Бидете сигурни дека насоките за работа ги давате постапно, вербално, визуелно, обезбедувајќи физичка поддршка на ученикот индивидуално според неговите можности.<br>2. Некои ученици не се во можност да ги препознаат изразот на лицето, говорот на телото или тонот на гласот со кој зборува наставникот за време на часот. Бидете колку што е можно поконкретни во излагањето и давањето насоки за работа на часот и често имајте повратна информација од работата.<br>3. Дознајте кои способности и интереси ги има ученикот и поттикнувајте ги. Често создавајте ситуации каде што ученикот ќе може успешно да ги реализира зададените задачи.<br>4. Често охрабрувајте го и давајте позитивни коментари за завршената работа.<br>5. Создајте можност за да може ученикот да соработува, да комуницира со другите ученици во текот на денот. Обезбедете поддршка, мотивација и позитивни реакции од другите ученици.<br>6. Ако однесувањето на ученикот е проблематично, консултирајте се со стручната служба во училиштето (педагог, психолог) и со родителите, за да можете да ја откриете причината за ваквото однесување. Со позитивен пристап на проблемот, може да се најде решение каде што сите заедно (родители и стручна служба) ќе бидат единствени во надминување на проблемот/ситуацијата.<br>7. Имајте постојана рутина во работата и распоредот. Доколку нешто треба да смените и знаете однапред или во моментот настанала ситуација во која следува некаква промена, подгответе го ученикот на промената што следува, на тој начин што ќе го информирате што ќе биде различно и што да очекува или да направи. Наградете го ученикот за секој негов мал успех. | |

# Ученици со нарушувања од спектарот на аутизмот (НСА)

**Индикатори:**

| | |
|---|---|
| **СОЦИЈАЛНИ** | |
| ***Социјални знаци:*** | Ученикот може да има тешкотии со разбирањето на социјалните знаци и читање невербални гестови на другите. |
| ***Споделување:*** | Ученикот може да има тешкотии со споделување или чекање на својот ред во играта. |
| ***Контакт со очите:*** | Кога разговара, ученикот не може да го гледа директно в очи својот соговорник. |
| ***Социјални интеракции:*** | Ученикот може да има недостиг на вештини, способности или разбирање за дружење, иницирање контакт и одржување социјални интеракции. |
| ***Реагирање:*** | Ученикот може да биде повеќе заинтересиран за „нештата" отколку за луѓето, и може да нема интерес за одговарање на други деца. |
| **КОМУНИКАЦИСКИ** | |
| ***Функционален јазик:*** | Ученикот со НСА често е ехолаличен – го повторува она што го велат другите. |
| ***Вербален јазик:*** | 40-45% од учениците со НСА се невербални. |
| ***Реципрочен разговор:*** | Ученикот може да има тешкотии во природното „давање и земање“ информации во разговор и може да зборува само за своите опсесии. |
| ***Имитација и разбирање на јазикот:*** | Ученикот може да покаже хиперлексија - натпросечна способност за читање со потпросечна способност за разбирање на говорниот или на пишаниот јазик. |
| **ВО ОДНЕСУВАЊЕТО** | |
| ***Невообичаени опсесии и пориви:*** | Ученикот може да стане преокупиран со една телевизиска програма или со подредување предмети во низи или групи. |
| ***Невообичаени сетилни искуства:*** | Ученикот со ASD може да биде преосетлив на допир. |

| | |
|---|---|
| ***Повторлива употреба на предмети:*** | Редењето или поставувањето предмети може да стане фиксација. |
| ***Самоповредување:*** | Ова е честа појава во потешки форми на аутизмот. Ученикот може, на пример, да се каса себеси. |
| ***Поделени вештини:*** | Ученикот може да биде висококвалификуван во една област, како што е сликарството. |

Како заокружување на овој краток преглед на нарушувања од спектарот на аутизмот, важно е да се напомене дека околу една четвртина од децата со НСА, исто така, имаат епилепсија; четири од вкупно пет деца се момчиња; додека, пак, девојчињата обично имаат потешки симптоми. Некои деца со НСА може да имаат скудни моторни вештини.

## Стратегии

1. Правете анализа на задачите – задавајте многу специфични подредени задачи.
2. Секогаш зборувајте едноставно и конкретно. Дојдете до поентата со што помалку зборови. Обично, многу поефективно е да се каже „Моливите долу, затворете ги тетратките и постројте се надвор“, отколку „Надвор е многу убаво. Ајде да го одржиме часот по природни науки надвор. Штом ќе завршите со пишувањето, затворете ги книгите и постројте се покрај вратата. Денес надвор ќе учиме за растенијата“.
3. Научете ги на специфичните социјални правила/вештини, како што се кревање рака за да се земе збор, ислушување, да почекаат да им дојде редот за да кажат нешто, но и социјална дистанца.
4. Давајте помал избор. Ако од ученикот е побарано да избере боја, на пример, црвена, дајте му само две-три можности од кои треба да избере. Ученикот ќе биде позбунет ако му дадете да избира од повеќе можности.
5. Ако му поставите прашање или ако му давате насоки, а ученикот ви одговара со празен поглед, тогаш преформулирајте ја реченицата. Прашајте го ученикот што сте му рекле или што сте побарале од него, тоа ќе ви помогне да дознаете дали сте биле разбрани.

6. Избегнувајте користење сарказам. Доколку ученикот случајно ги растури сите ваши документи на подот и вие кажете „Одлично!“, оваа реакција може да се сфати буквално и постапката ќе почне да се повторува на редовна основа.

7. Избегнувајте користење идиоми. „Ставете ги вашите шапки за размислување“, „Отворете ги ушите“ и „Запри ја воденицата, многу ти меле“ ќе направи ученикот да биде целосно зачуден и да се прашува како да го направи тоа.

8. Давајте многу јасен избор и обиде се да не биде од отворен тип. Ќе добиете подобар резултат ако прашате: „Дали сакате да читате или да цртате?" Отколку: „Што сакате да правите сега?"

9. Повторете ги упатствата и проверете го разбирањето. Употребувајте кратки и јасни реченици.

10. Просторот и времето во училница треба да бидат одлично организирани, следејќи дневна рутина, во која мора да биде вметнато и времето за игра.

11. Осигурете се дека учениците ќе разберат кога активноста е завршена, а кога започнува нова. Ова треба да им помогне да препознаваат и во иднина кога се почнува со учење на нешто ново и кога завршува. Фотографирајте го очекуваниот исход од активноста и покажете им на учениците како треба да изгледа крајот на она што го работи. На пример, ако сакате училницата да биде исчистена и средена, направете фотографија од неа кога е таква. Учениците можат да ја користат како референција.

12. Предупредувајте ги учениците за каква било претстојна промена на рутина, или префрлување на друга активност.

13. Секогаш обраќајте му се на ученикот поединечно и по име (на пример, ученикот може да не сфати дека упатствата дадени на цело одделение, исто така, важат и за него. Некогаш само обраќањето по име кажувајќи: „Треба да слушаш, затоа што ова е нешто што треба да го направиш“, може да функционира, но некогаш ќе треба да му се обратите индивидуално само нему.)

14. Користете различни начини на презентација – визуелни, физички насоки, партнерско моделирање, итн.

15. Грубото или агресивно однесување не сфаќајте го лично. Знајте дека целта за гневот на ученикот може да НЕ е поврзана со изворот на таа лутина.

16. Избегнувајте пренадразнетост. Минимизирајте ги/отстранете ги изворите на одземање на вниманието, или овозможете простор (кабина) за индивидуална работа особено кога задачата/активноста вклучува концентрација. Шарените изложбени ѕидови може да го одвлекуваат вниманието кај некои ученици. Други ученици тешко се справуваат со бучава.
17. Задавајте им задачи и активности што се поврзани со нивните интереси.
18. Поштедете го ученикот од редовните тестови и работете на свесноста кај другите ученици за неговите посебни потреби.
19. Дозволете му на ученикот да избегне одредени активности (како што се спортови и игри) што тој не може да ги разбере или не ги сака. Поддржете го во отворените и групни задачи.
20. Дозволете му некое негово опсесивно однесување, како награда за позитивни напори што ги вложува.



# Поговор

На крај, по сè што прочитавте, можеби станавте уште посвесни за нашата улога како наставници, но и за товарот на нашата професија. Можеби сметате дека ова е премногу за нас, можеби сметате дека не сме доволно платени за овој обем на работа, не сме доволно стручни, немаме доволно поддршка и помош ...

Знаете што? Силата, енергијата и ентузијазмот треба да ги црпеме најмногу од одговорот на прашањето: Зошто прифативме да ја работиме оваа професија (секако, под услов да не сте заталкани меѓу наставниците)? Знаевме дека од оваа професија нема да се збогатиме и знаевме дека одамна не е меѓу најпочитуваните. Оваа професија ја прифативме затоа што сакаме да работиме со деца: да ги пораснеме заедно со родителите и да ги научиме колку што е можно повеќе за да можат самите да си ја формираат сликата за светот, а ние да навиваме дека ќе биде убава во нивните очи. Преку нив и ние да продолжиме да живееме. Преку нив и ние да учествуваме во моделирањето на општествата.

Кога ја работите оваа професија со љубов, вие сакате секое дете да го научите на колку што е можно повеќе знаења, вештини, способности. Притоа, токму различноста на децата нè спречува да западнеме во монотонија, ни дава предизвик, нè прави креативни, нè прави да се чувствуваме важни, затоа што тие ни се најважни – СИТЕ наши ученици!

